# Дневна хемеротека за 10.06.2015г.

## МИА - Почнува изградбата на фекална канализација во Дебреше

СРЕДА, 10 ЈУНИ 2015, 09:57:05

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Почнува изградбата на фекална канализација во Дебреше

### Почнува изградбата на фекална канализација во Дебреше

Препорачај 0

среда, 10 јуни 2015 07:52



**Гостивар, 10 јуни 2015 (МИА)** - Во село Дебреше, Гостиварско, денеска ќе почне изградбата на фекална канализација.

Проектот е финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2015 година, а на неговиот официјален старт ќе присуствуваат ресорниот министер Нурхан Изаири, министерот за правда Аднан Јашари и градоначалникот на општина Гостивар Невзат Бејта. мч/са/**07:52**

## Сител - *Почнува изградбата на фекална канализација во Дебреше*

МАКЕДОНИЈА | 10 JUNE 2015 - 9:15AM

# Почнува изградбата на фекална канализација во Дебреше

g+1 0 Tweet 0 Ми се допаѓа 0 Препорачај 0



Во село Дебреше, Гостиварско, денеска ќе почне изградбата на фекална канализација.

Проектот е финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2015 година, а на неговиот официјален старт ќе присуствуваат ресорниот министер Нурхан Изаири, министерот за правда Аднан Јашари и градоначалникот на општина Гостивар Невзат Бејта.

## Економија24 - *Почнува изградбата на фекална канализација во Дебреше*

Во село Дебреше, Гостиварско, денеска ќе почне изградбата на фекална канализација. Проектот е финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2015 година, а на негови*от* ...

## Fox.mk - *Почнува изградбата на фекална канализација во Дебреше*

Во село Дебреше, Гостиварско, денеска ќе почне изградбата на фекална канализација. Проектот е финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2015 година, а на неговиот ...

## Курир - *Почнува изградбата на фекална канализација во Дебреше*

Во село Дебреше, Гостиварско, денеска ќе почне изградбата на фекална канализација. Проектот е финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2015 година, а на неговиот ...

## Lider - *Изградба на фекална канализација во гостиварско Дебреше*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, заедно со министерот за правда Аднан Јашари и градоначалникот на општина Гостивар Невзат Бејта ќе присуствуваат на свеченото отпочнување на проектот за изградба на фекална ..

## Press24 - *Почнува изградбата на фекална канализација во Дебреше*

Во село Дебреше, Гостиварско, денеска ќе почне изградбата на фекална канализација. Проектот е финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2015 година, а на неговиот ...

## Karas4training - *Награда за екологична визија во 3 слики*

# НАГРАДА ЗА ЕКОЛОГИЧНА ВИЗИЈА ВО 3 СЛИКИ

g+1 0 Tweet Share 43

**Европската агенција за животна средина пред неколку дена објави доста привлечна наградна игра во која може да учествуваме и ние од Македонија, сè што треба е добро фаќање на нивната визија во 3 слики. Што ти паѓа на ум кога размислуваш за природа, економија и благосостојба?**



Кога се работи за екоситемите и животната средина од кои сме дел и од кои зависиме, треба да се планира и да се работи долгорочно.

Со сегашниот начин на живот скршнавме од одрживиот начин на живот и ако продолжиме така до 2050та ќе ни требаат 3 планети за да се одржиме, а имаме само една. Затоа е потребна долгорочна визија и стратегија која ќе не врати на патот кон одржива цивилизација со сигурна иднина.

Европската унија засега е лидер во развиениот свет кон враќањето на одржливиот пат со најдобри резултати помеѓу развиените земји. Во својот 7ми акционен план за животната средина тие ја имаат дефинирано следнава долгорочна визија:

- „Во 2050та, ние живееме добро, во баланс со еколошките лимити на планетата. Нашиот просперитет и здравата животна средина се овозможени од иновативната и циркуларна економија каде ништо не е отпад и каде природните ресурси се менаџирани одржливо, биодивирзитетот е заштитен, ценет и обновен на начини кои ја зголемуваат отпорноста на нашето општество. Нашиот развој со минимални емисии на јаглерод диоксид е одвоен од користењето на ресурсите, создавајќи место за безбедно и одржливо глобално општество."

Сега Европската агенција за животна средина (ЕЕА) бара оваа визија да биде илустрирана во фотографии и за таа цел пред неколку дена отворија натпреварување за најдобрите 3 фотографии кои го прикажуваат живеењето во Европа во 2050та.

Најдобриот сет од 3 фотографии ќе добие 2000 евра, следени од втората награда со 1500 евра, третата со 1000 евра и четвртата со 500 евра како најдобро избран сет од јавноста и младината.

За да се вклучите во наградната игра "Слика2050 - Живеење добро, во лимитите на нашата планета", можете да одберете прикажување на сопствена или општа сторија, создадена од 3 фотографии, опфаќајќи ја визијата, интерпретацијата или вашето сфаќање на "Живеење добро, во лимитите на нашата планета во 2050та" заедно со трите објективи од 7ЕАР :

- Природен капитал
- Ресурсно ефикасна економија со минимално испуштање на јаглерод диоксид, и
- Човечко здравје и благосостојба

Аплицирањето за натпреварот трае до 15 август, фотографиите мора да бидат лично ваши, а за подетални информации и вклучување во натпреварот посетете го следниов ЛИНК

На здравје штракање...

## Тера - *Кој го загадува Пелистер?*

# Кој го загадува Пелистер?

Вторник, 09 Јуни 2015 17:56

Share | Ми се допаѓа 13 | Tweet 1 | Share 0



Еден љубител на планината до нашата редакција испрати неколку слики за кои вели дека сведочат за расфрланиот отпад кој го има на неколку локации во НП Пелистер. Наведува дека овој отпад е сликан на патеката која започнува од Ски центарот Нижеполе преку Орлови Бари до Големо Езеро снимени на 17.05.2015. Тој вели дека на враќање сам го собрал во една кеса отпадот и бара да се преземе нешто и да се казнат несовесните посетители. Од НП Пелистер велат дека ваквата слика може да се види на Пелистер.



-Често се случува на одредени места во НП да има расфрлано ѓубре, вели Пеце Цветановски, НП Пелистер.

Од НП апелираат до граѓаните доколку имаат фотографии или пак сознанија за локациите каде што има ѓубре, да се обратат директно до нив.

Цветановски вели дека нема можност за ангажирање на дополнителен број чувари.

## Шеталиште - *Кој го загадува Пелистер?*

Еден љубител на планината до редакцијата на Тера телевизија испрати неколку слики за кои вели дека сведочат за расфрланиот отпад кој го има на неколку локации во НП Пелистер. Наведува дека овој отпад е сликан на патеката која започнува од Ски ...